УДК 371+37.014 (497.17-25) (091)

Ристо КАНТАРЏИЕВ

# ШКОЛСТВОТО И ПРОСВЕТАТА ВО СКОПЈЕ ОД КРАЈОТ НА XVIII ВЕК ДО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

## Вовед

Во поновата историја на Скопје особено е важно времето од крајот на XVIII век до Првата светска војна. Тоа е период во кој овој наш град, благодарејќи на својата поволна географска и геополитичка положба и специфичните социјално-економски и политички услови на животот, постепено се развива и израснува во значаен стопански, административен, сообраќаен и просветно-културен центар на Македонија.

Веќе кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век Скопје е важно трговско и стопанско средиште во овој дел на Балканскиот Полуостров. Меѓутоа, од 30-те години на XIX век, со сè поголемиот прилив на христијанското население од околните села, кое го зајакнува македонскиот национален елемент во него и сè поинтензивниот развиток на занаетите и трговијата, градот бележи постојан напредок, така што кон средината на тој век доживува сеопшт општествен, економски и културен подем. Тоа е време кога во него цутат занаетите и трговијата и се произведуваат занаетчиски стоки во големи количества и различен асортиман. Како голем занаетчиски производствен и стопански центар Скопје тогаш има развиени трговски врски и економски односи не само со поразвиените македонски градови и одделни стопански центри во Турција и земјите на Балканскиот Полуостров, туку и со некои градови на Средна и Западна Европа и Русија. А по пуштањето во сообраќај на железницата Солун - Косовска Митровица во 1874 година, Скопје станало транзитно средиште преку кое се вршела стоковна размена меѓу земјите од Исток и Запад.

*

*   *

Во текот на XVIII век Скопје претставувало мало, неразвиено гратче,[1] со претежно турско население, меѓу кое речиси и не се забележувало

[1] Д-р Мита Костић, Град Скопље и његов историјски значај током векова, во книгата „Скопље и Јужна Србија", Скопље, 1925, с. 31; Васил Кънчов, Избрани произведения, т. II, Град Скопие, София, 1970, с. 149.

малубројното македонско население. Турски карактер градот задржал и низ целиот XIX век, но со значително поголем број на христијанско - македонско население, кое постојано со зголемувало. До осетно зголемување на македонското население во градот дошло во првата половина на XIX век, особено од 30-те години. Процесот на реформите што ја зафатил Турција во ова време значително ги подобрил условите на социјално-економскиот и политичкиот живот на населението и придонел за развитокот на занаетите и трговијата.[2] Од ова време е сè поинтензивен приливот на македонското население од село в град, па и во Скопје од селата на неговата околина. Селското население било принудено да мигрира во Скопје и поради постојаните немири и несигурноста на животот во селата во првата половина на XIX век. Новодојденото селско население постепено се приспособувало на градскиот живот, ја зајакнувало компактноста на македонското население и навлегувало во занаетите и трговијата, кои од ова време поживо се развиваат поради проникнувањето на капиталистичките односи во Турција.

Процесот на мигрирањето на населението во Скопје продолжил и во втората половина на XIX век и тоа не само од околните села. По Кримската војна (1853-1856), кога дошло до поголемо раздвижување на населението во Турција, во Скопје се доселувало население и од соседните области, особено од Западна Македонија.[3]. Новопридојденото население значително придонело за зголемувањето на градот и предизвикало суштествени промени во неговата етничка структура. За овие промени, карактеристични за развитокот на градот, дознаваме од некои странски патеписци кои го посетиле Скопје во првата или втората половина на XIX век. Францускиот конзул во Солун, Феликс де Божур, којшто низ Македонија пропатувал кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век, известува дека тогаш Скопје имало 5-6000 жители. Неговиот сонародник А. Вас, конзул во Приштина, смета дека во 1812 година Скопје имало 15.000 жители. Меѓутоа, францускиот патеписец Ами Буе, кој бил во Скопје во 1837 година, забележил дека во него живееле околу 10.000 жители.[4] А во 1852 година, според податоците на Фрања Јукиќ, во Скопје веќе имало 20.000 жители. Приближно ист број жители посочува и австрискиот конзул Ј.Г. Хан, кој во Скопје престојувал во 1858 година. Според него, тогаш во Скопје имало 20.000 жители, од кои 13.000 биле муслимани (Турци и Албанци), 7.000 православни христијани и 800 Евреи. Овој број на жители (21.000) го потврдува и англискиот патеписец Тозер, кој го посетил Скопје во 1865 година.[5] Нови доселувања во Скопје предизвикале српско-турските војни (1876-1878). Кон крајот на XIX век Скопје добило размери на поголем град и имало 29.297 жители,[6] а пред балканските војни (1912-1913) бројот на неговите жители се зголемил на 37.000.[7]

---

[2] Д-р Јован Хаџи Васиљевић, Скопље и околина, Београд, 1930, с. 524.

[3] Истото, с. 57

[4] Коста Н. Костић, Наши градови на Југу, Београд, 1922, с. 22.

[5] Истото, с. 23

[6] Според В. Кънчов, цит. дело, с. 29, во Скопје тогаш имало 14.016 Турци, 11.809 Македонци, 1920 Роми, 800 Евреи, 420 Власи, 119 Грци, 105 Албанци – католици, 30 Черкези и 78 Западноевропејци.

[7] Д-р Ј. Х. Васиљевић, цит. дело, с. 533.

Кон средината на XIX век, според бројот на своето население, Скопје е веќе трет град во Македонија (по Солун и Битола), со релативно развиен општествено-економски и просветно-културен живот. Во текот на првата половина на XIX век, особено од 30-те години, во условите на новите, капиталистички производствени односи, силен замав добива развитокот на занаетите и трговијата. Оживуваат старите скопски анови, чаршии и пазари[8] и се создава широка основа за брз економски и стопански напредок на градот. Од околу 60 занаети, колку што работеле во првата половина на XIX век, до 60-те години првото место го држел табачкиот (кожарскиот) занает.[9] Во кожарските работилници во големи количества се преработувале кожи од ситен и крупен добиток, а од преработените кожи (сахтијан, мешин) се изработувале обувки и други артикли. Овој занает имал традиции во Скопје уште од XVI век.[10] Освен табачкиот, во ова време во Скопје главни занаети биле папуџискиот, ќурчискиот, кафтанџискиот и бесчискиот.[11] Некои од главните скопски чаршии го добиле името според артиклите што се произведувале во тогашните работилници (Туфегџиска, Кафтанџиска, Бесчиска, Казанџиска, Сарачка Чаршија и др.)[12]

Зголеменото занаетчиско производство создало широки можности Скопје уште во првата половина на XIX век да развие интензивна внатрешна и надворешна трговија. Освен со македонските градови и одделни стопански области во Турција, Скопје водело мошне жива трговија со Босна, Србија, Бугарија, Австрија, Русија и други земји. Најразвиени трговски односи Скопје имало со Босна. Кон средината на XIX век стоковниот промет на Скопје со босанските градови (Сараево, Фоча и др) достигнал висок обем. Скопските трговци изнесувале во Босна најчесто свила, ориз, памук, сахтијан, мешин и тутун, а оттаму внесувале железо и изработки од железо (клинци, потковици за добиток, вршници, рала, тави, котли и др. ), како и сарачки артикли.[13] Трговијата со Босна некои скопски трговци материјално ги издигнала до тој степен, што тие имале свои постојани претставништва во босанските градови.[14] Скопје имало развиени трговски односи и со Виена. Во овој град скопските трговци изнесувале сахтијан, а од него внесувале главно мануфактурна стока.[15] Некои од скопските трговци воделе трговија и со Трст, Одеса, Киев, Цариград и Солун.[16] Од Солун доаѓала, главно, колонијална стока.[17] Кога, пак, била изградена железницата главниот дел од

[8] Д-р Јов. Хаџи Васиљевић, Скопска индустрија и трговина и скопски трговци у XIX веку, Београд, 1933, с. 4.

[9] Истото, с. 4.

[10] Истото, с. 4-5

[11] Истото, с. 5.

[12] Д-р Јов. Хаџи Васиљевић, Скопље и његова околина, Београд, 1930, с. 108.

[13] Истото, с. 117; Скопска индустрија и трговина и скопски трговци у XIX веку, с. 15

[14] Д-р Јов. Хаџи Васиљевић, Скопска индустрија и трговина и скопски трговци у XIX веку, с. 7-8.

[15] В. Кънчов, цит. дело, с. 124.

[16] Д-р Ј. Х. Васиљевић, Скопска индустрија и трговина..., с. 8-9.

[17] В. Кънчов, цит. дело, с. 124

стоковната размена на Скопје одел преку Солун и Виена.[18] Сезонска трговија Скопје водело и со саемите во Прилеп, Серез, Неврокоп, Пловдив и Узунџово.[19] Широката размена на трговска стока со споменатите градови извонредно придонела за економскиот подем на Скопје и во економски поглед го издигнала на првото место меѓу македонските градови во ова време.

До 30-те години на XIX век главната трговија во Скопје била во рацете на Евреите, Грците, Цинцарите, Турците и Латините (христијани католици).[20] Меѓутоа, од ова време македонските занаетчии и трговци постепено економски зајакнуваат и навлегуваат во поважните стопански гранки, така што кон средината на XIX век тие веќе се појавуваат на општествената сцена, го усвојуваат главниот дел од занаетите и трговијата и претставуваат важен фактор во општествениот, економскиот и просветно-културниот живот на градот.

*

* *

Развитокот на занаетите и трговијата и стопанскиот напредок во првата половина на XIX век создале благотворни услови за економското јакнење на Скопје и формирањето на економски силно и родољубиво македонско граѓанство, кое играло активна улога во неговата културна и национална преродба. Трговијата со Сараево, Виена, Белград и други градови издигнала неколку македонски трговски куќи и придонела за нивната материјална благосостојба. Најпознат и најистакнат македонски трговец – градски првенец во првата половина на XIX век бил *Хаџи Трајко*. Тој бил родум од Дебар. Во Скопје се здобил со големо богатство и авторитет и му бил прв советник на Амзи паша.[21] Во едно писмо митрополитот Натанаил за него пишува: „Прости и учени, богати и сиромаси, граѓани и селани за секоја работа одеа при дедо хаџијата за да се посоветуваат и за добро, и за лошо и во нужда да им помага или со совет или со дело. Името Х. Трајково им беше во устата и на големо, и на мало насекаде и во скопскиот пашалак и надвор. Х. Трајко му беше на пашата неразделен хазнатарин, советник и вилаетски чорбаџија и, што одобруваше тој, тоа го одобруваше и пашата."[22]

Користејќи се со својата влијателна положба пред турската власт, Хаџи Трајко енергично се застапувал за народните интереси и права и заедно со другите скопски првенци се борел против влијанието на грцизмот, за самостоен просветно-културен и национален развиток на македонското население во градот. Тој бил на чело на движењето против Цариградската патријаршија, за поставување владика од словенско потекло во Скопје.

---

[18] Д-р Ј. Х. Васиљевиќ, Скопска индустрија и трговина..., с. 10.
[19] Истото, с. 9.
[20] Истото, с. 5.
[21] В. Кънчов, цит. дело, с. 130-131.
[22] Истото, с. 131.

Борбата што Хаџи Трајко ја повел против фанариотското свештенство, за народна, словенска црква и просвета во третата и четвртата деценија на XIX век станала толку жестока, што за пет години (1829 - 1834) од Скопје биле протерани пет грчки владици. „... нека забележам за да се знае, следното. Од 1829 година до почетокот на 1834 година, се променија пет скопски владици. Првиот беше Ананиј. Тој беше преместен во Призрен, поради некои незадоволства со вилаетскиот чорбаџија, извесниот Х. Трајко Рекали. Тогаш беше во Скопје како цар Амзи Паша, а Х. Трајко - негов хазнатарин и советник..."[23]

На иницијатива на Хаџи Трајко, а со учеството на скопските еснафи и трговци и целиот народ била изградена нова, великолепна, импозантна црква, единствена таква тогаш во Македонија. Црквата била подигната на местото што го подарил Хаџи Трајко, на левиот брег на реката Вардар. Нејзината градба почнала во 1834, а била завршена во 1835 година. На 1 мај 1835 година новата црква била свечено осветена и наречена „Св. Богородица". Црквата била пространа и висока, изградена со делкан камен, со под послан од мермерни плочи и украсена со иконостас од мермер и скапи икони и со богата уметничка резба. Резбата на горната половина на иконостасот од ореово дрво била изработена од прочуениот дебарски мајстор Станишев, којшто подоцна го изработил и иконостасот на градската црква во Крушево.[24]

Во 1840 или 1841 година била прекината родољубивата народна дејност на Хаџи Трајко. Поради интригите на фанариотското свештенство тој паднал во немилост кај турската власт и заедно со Амзи паша бил одведен од Скопје и заточен во Цариград. По враќањето во Скопје тој наполно се повлекол од општествениот живот како народен деец и наскоро починал.[25] Скопските граѓани достојно се опростиле од него. Со голема почест тие го закопале во портата на црквата „Св. Богородица", заблагодарувајќи му се на тој начин за сето што тој сторил за нив.[26]

По смртта на Хаџи Трајко, на општествената сцена стапиле помлади, дејствени и родољубиви скопски граѓани кои кон средината на XIX век, кога Скопје го достигнало својот највисок економски подем, играле значајна и многу активна улога во преродбенското движење на градот. Со својата родољубива народна дејност особено се истакнале градските првенци – *браќата Поповиќи*. Најстариот од нив, *Хаџи Ѓорѓе*, го оставил водењето на трговијата на својот помлад брат Ристо и наполно се посветил на народните работи. Тој ја продолжил борбата против грцизмот и енергично настојувал Цариградската патријаршија во Скопје да постави владика од словенско потекло. Во оваа борба тој ја имал моралната и материјалната поддршка на

---

[23] Жизнеописание Митрополита Охридо-Пловдивского (Автобиографични бележки), СбНУНК, София, 1909, кн. 25, с. 5.

[24] В. Кънчов, цит, дело, с. 133.

[25] Истото, с. 134.

[26] Александар Матковски, Црковно-просветните борби во Скопје во XIX век, Просветно дело, Скопје, 1953, бр. 1-2, с. 25.

македонските еснафи и трговци и на македонското христијанско население во градот.[27]

Улогата на македонските еснафи и трговци била многу значајна не само во општествено-економскиот, туку и во просветно-културниот живот на градот. Тие пројавувале интерес и грижа за отворање училишта и ширење на просветата на народен јазик, како и за издавање на книги и учебници. Некои од нив го помогнале издавањето на делата на Јоаким Крчовски,[28] а биле и претплатници на одделни дела напишани на македонски јазик и имале свои библиотеки.

## I
## Школството и просветата во Скопје од крајот на XVIII век до 70-те години на XIX век

### *1. Ќелијното образование*

Скопје е град со несомнено богати просветно-културни традиции. Од најстаро време во него постоеле словенски ќелијни училишта. Во 1569 година скопјанецот *Кара Трифун* отворил во Скопје словенска книжарница која ги снабдувала со црковни книги сите цркви и манастири во Македонија во кои богослужбата се изведувала на црковно-словенски јазик.[29] Постои предание дека кон крајот на XVIII век во Скопје постоело словенско ќелијно училиште при црквата „Св. Димитрие ", а во почетокот на XIX век и во дечанскиот и хилендарскиот метох.[30] Во ова време словенски ќелијни училишта имало и во манастирите во околината на Скопје. Едно од најстарите и најпрочуените ќелијни училишта тогаш во скопската околија било во манастирот „Св. Архангел" во с. Кучевиште, во Скопска Црна Гора. Тоа постоело уште од XVIII век, а работело и во првата половина на XIX век и во него го добиле своето образование голем број лица кои како калуѓери, свештеници и учители ја продолжиле својата дејност во манастирите, црквите и училиштата во скопските села.[31] Во почетокот на XIX век станало многу извесно ќелијното училиште на Кирил Пејчиновиќ во Марковиот манастир.[32] Но и во други манастири во околината на Скопје имало ќелијни училишта во XVIII и во првата половина на XIX век и во нив живо се одгледувала црковнословенската писмена традиција. Под влијанието на манастирските ќелијни училишта во текот на првата половина на XIX век ќелијни училишта се отвориле и во селата. Првото општинско ќелијно

---

[27] В. Кънчов, цит. дело, с. 136-137.
[28] Александар Матковски, цит. дело, с. 20.
[29] В. Кънчов, цит. дело, с. 128.
[30] Д-р Ј. Х. Васиљевић, Скопље и његова околина, с. 519; Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX в., Београд, 1928, с. 102.
[31] Д-р Ј. Х. Васиљевић, Скопље и његова околина, с. 517.
[32] Истото, с. 517.

училиште било отворено на 6 декември 1826 година во с. Кучевиште и тоа по иницијатива на игуменот на манастирот „Св. Архангел" – *јеромонахот Јоаникиј.* Училиштето било сместено во една просторија при црквата „Св Спас" и почнало да работи од почетокот на 1827 година. Во него учеле околу 100 деца од с. Кучевиште и од околните села. Учителот бил од Скопје и ги учел децата од црковните богослужбени книги, ракописни и печатени.[33] Подоцна ќелијни училишта биле отворени и во селата Љубанци, Глуво, Драчево, Кожле, Побожје, Мирковци, Бањани[34] и др.

Ќелијни училишта во Скопје имало несомнено уште во почетокот на XIX век, но за нив поверодостојни податоци постојат за времето од 20-те и 30-те години на тој век. Се смета дека еден од првите ќелијни учители, кој во ова време отворил приватно ќелијно училиште во Скопје, бил *Димитрие Кратовалија,* по потекло веројатно од Кратово. Во своето училиште тој ги учел децата на грчки и македонски јазик. Не се знае точно кога училиштето почнало да работи и до кога Димитрие Кратовалија бил учител во Скопје. Од еден запис на неговиот псалтир се гледа дека тој во 1831 година бил во Ниш, што значи дека пред тоа бил учител во Скопје.[35] Во исто време кога и Димитрие Кратовалија, или по неговото заминување во Ниш, приватно ќелијно училиште во својата куќа во Скопје отворил и *даскал Никола,* родум од Крушево. И тој ги учел децата на грчки и македонски јазик.[36] Неговото училиште станало многу извесно и до 1838 година, кога тој починал, во него се здобиле со основна писменост голем број скопски граѓани.[37] Во училиштето на даскал Никола учел и Натанаил од с. Кучевиште, подоцна охридско-пловдивски митрополит. „Јас до 1835 година повторував Светче, Псалтир, Апостол и Евангелие по печатни и ракописни книги, ту во селскиот манастир Свети Архангел, ту во манастирот Благовештение Пресв. Богородици во Побожје, како црковно ѓаче и прислужник, ту во Скопје, во скопското тогашно училиште, во време на даскалувањето на Даскал Никола..."[38] Поради тоа што во училиштето Натанаил учел и на грчки јазик, неговиот стрико му се заканувал: „Дете, да не се научиш на тој грчки јазик, зашто јазичето ќе ти го отсечам."[39]

Во 30-те години на XIX век дошло до отворањето и на општинско ќелијно училиште во Скопје. Тоа било отворено во една општинска куќа, во портата на новосоградената црква „Св. Богородица". Постојат мошне спротивни мислења за годината кога училиштето било отворено, како и за потеклото на учителот што го отворил училиштето. Според Ј. Х. Васиље-

---

[33] Жизнеописание Митрополите Охридо-Пловдивского (Автобиографични бележки), СбНУНК, София, 1909, кн. 25, с. 5.

[34] Д-р Ј. Х. Васиљевић, Скопље и његова околина, с. 518.

[35] Д-р Ј. Х. Васиљевић, Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX в., Београд, 1928, с. 102-103.

[36] Истото, с. 102-103.

[37] В. Кънчов, цит. дело, с. 135.

[38] Жизнеописание Митрополита Охридо-Пловдивского..., с. 5.

[39] Истото, с. 8.

виќ, училиштето било отворено во 1835 година, т.е. кога за главен учител во Скопје дошол хиландарскиот монах Павле - Павлентие, православен Србин од Хрватска, па се викал и *Павле Харват.*[40] А според В. Кънчов, училиштето било отворено нешто подоцна, во 1836 или 1837 година, од истиот монах - Павел Харват, кого скопските првенци го довеле од дебарскиот манастир „Св. Јован Бигорски" и го погодиле за општински учител за 800 гроша годишна плата.[41] Но, без оглед на тоа кога било отворено училиштето и од каде бил учителот Павел Харват, постоењето на словенско општинско ќелијно училиште во ова време во Скопје претставува важна придобивка за скопските граѓани, зашто во него нивните деца за првпат учеле само на својот мајчин јазик. Всушност, со отворањето на општинско ќелијно училиште во Скопје во 1835, 1836 или 1837 година отпочнала и борбата во Македонија против грчките училишта, грчкиот јазик и просвета, за отворање народни училишта, со настава на македонски јазик.

Павел Харват бил образован калуѓер. Во своето училиште, покрај црковни, тој на децата им предавал и некои световни предмети. Забелешката на Ами Буе, кој во Скопје престојувал во 1837 година, дека тогаш во градот имало 3 христијански училишта и дека се предавале географија, историја и филозофија,[42] се однесува токму на училиштето на Павел Харват при црквата „СВ. Богородица", зашто, како што основано претпоставува В. Кънчов, тогаш покрај неговото во Скопје можеле да постојат само уште две христијански училишта – на некој грчки даскал и на даскалот Никола, или пак на некој друг ќелиен учител.[43]

### *2. Световно образование*

Иако во општинското ќелијно училиште на монахот Павел Харват во Скопје се учеле и световни предмети, тоа не можеме да го сметаме за световно училиште, зашто во него црковните предмети претставувале главна содржина на наставата. Под влијанието на световната просвета од соседните земји, во некои општински ќелијни училишта, како и во некои приватни ќелијни училишта и во другите поразвиени градови во Македонија во ова време почнуваат да се учат и световни предмети. Меѓутоа и во нив наставата имала црковен карактер.

Појавата на световно училиште во Скопје е врзана за името на нашиот истакнат преродбенски учител и народен просветител - *Јордан Хаџи Константинов-Џинот.* По покана на градските првенци тој дошол за учител во Скопје и во 1848 година, во портата на црквата „Св. Богородица", го отворил првото световно училиште со настава на македонски народен јазик.[44]

---

[40] Д-р Ј. Х. Васиљевић, Просветне и политичке прилике..., 103-104.
[41] В. Кънчов, цит. дело, с. 135.
[42] Ami Bonè Recueil d'itinèraires dans la Turquie d'Europe, I, Wien, 1854, c. 211
[43] В. Кънчов, цит. дело, с. 135.
[44] Д-р Ристо Кантарџиев, Македонското преродбенско училиште, „Култура" – Скопје, 1965, с. 55.

Доаѓањето на Јордан Хаџи Константинов-Џинот во Скопје означува пресвртница за просветно-културниот и националниот живот на овој град. Ентузијаст во својата просветителска дејност – во ширењето на просветата на мајчин јазик, а над сè голем патриот, Џинот уште во почетокот на своето учителствување во Скопје развива голема активност на унапредување на скопското училиште и неговото реформирање во духот на новата образованост. Тој ги разделил учениците на одделенија, вовел во наставата световни предмети и новиот, заемниот систем на настава; вовел и клупи и современи наставни средства (заемни таблици, песочница, географска карта, глобус и др.) и современи наставни методи, ги исфрлил и физичките казни. Дотогаш ќелијно, училиштето при црквата „Св. Богородица" добило современа, модерна физиономија. За намената што сега ја добило училиштето била подигната и нова училишна зграда во дворот на црквата.

Таа била изградена на иницијатива и со материјална помош на градските првенци браќата Хаџи Ѓорѓи и Хаџи Ристо Поповиќи, со кои Џинот бил во многу добри односи, а и со паричните прилози на други скопски граѓани. Најголеми прилози дале: браќата Поповиќи – 5.000 гроша, браќата Хаџи Кочови – 5.000 гроша, Зафир Малев – 5.000 гроша и Васил Икономов – 15.000 гроша и својата библиотека со 500 книги.[45]



Зградата на основното училиште при црквата „Св. Богородица" во Скопје (изградена во 1848 г.), во која учителствувал Јордан Хаџи Константинов-Џинот од 1848 до 1854 г. Денес оваа зграда не постои.

[45] „Цариградски вестник", 1851, бр. 59.

Иако наставата во скопското училиште била организирана по заемниот систем, ова училиште на Цинот се разликувало од неговото заемно училиште во Велес по организацијата и содржината на наставната работа. Во заемното училиште во Скопје Цинот спровел поинаква организација на наставната работа, а вовел и некои други наставни предмети, што се потврдува со наставниот план по кој тој работел во 1851 година.[46] Училиштето имало три одделенија. Во првото одделение, кое се викало *детевоспитное*, малите деца учеле да читаат и пишуваат на таблиците и песочницата. Во второто – *гимназијално* одделение, поголемите деца учеле граматика, географија, астрономија, општа и црковна историја, числителница и алгебра. Третото одделение било *црковное* и во него децата учеле за црковниот ред.[47] Освен овие предмети, во училиштето учениците добивале и знаења потребни за трговијата (посланија, облигации, векили, конта, тестаменти, атестати, пословици и дневник чаршиски).[48] Со содржината на наставата и насоката училиштето било наполно приспособено за потребите и барањата на трговците и занаетчиите, кои и материјално го издржувале училиштето. Во 1851 година во прво одделение имало 120 ученици, во второ 24 и во трето 35, вкупно 179 ученици .[49]

Не постојат веродостојни податоци за тоа колку време траела наставата во првото, второто и третото одделение. Во тоа време било вообичаено заемните (основните) училишта да имаат двогодишен или тригодишен и сосема ретко четиригодишен наставен курс. Доколку во првото одделение се добивала само основна писменост (читање, пишување и сметање), наставниот курс во него бил едногодишен. Во другите две или три горни одделенија се давале основни знаења од различни науки (граматика, географија, историја, аритметика, св. историја, катихизис, краснопис и др.). Имајќи предвид дека во првото одделение („детевоспитное") на заемното училиште на Цинот во Скопје децата добивале само основна писменост (читање, пишување и сметање), наставата во него не можела да трае повеќе од една година. Второто одделение („гимназијално") имало двогодишен курс и одговарало на таканареченото „приготовително" училиште.[50] Цинот го нарекол „гимназијално" веројатно затоа што сметал дека во него децата добивале пообемни знаења отколку во „приготовителните" училишта во Македонија тогаш. Третото („црковное") одделение било со едногодишен наставен курс.

Во 1852 година Цинот работел во скопското училиште според нов наставен план и програма. Во споредба со наставниот план од 1851 година, новиот наставен план предвидува поширок круг наставни предмети за сите

[46] Наставниот план Ј. Х. Константинов го објавил во „Цариградски вестник", 1851, бр. 59.
[47] Истото,
[48] Истото.
[49] „Цариградски вестник", 1851, бр. 44 и 59.
[50] Така се викале горните одделенија на заемното училиште поради задачата што ја имале: да ги подготвуваат учениците за класните училишта.

одделенија.[51] Во него за „средните” и „првите” (најголемите) деца биле застапени дури и предмети кои тогаш се учеле во класните училишта, па поради тоа некои го сметале за училиште кое по својот ранг било еднакво на класно, односно прогимназијално училиште. Меѓутоа, ваквото мислење нема веродостојна основа, зашто училиштето на Цинот ги немало основните одлики на едно тогашно класно училиште. Во него наставата била организирана според системот на заемно учење, учениците биле распоредени во одделенија (мали, средни и први – најголеми деца) и учеле во една училница, а Цинот заедно со еден помошник ги предавал сите предмети. Класните училишта пак биле посебен вид училишта, со посебни задачи и цели и поинаква организација на наставата (предметна настава) и методика на наставната работа. Но, без оглед на тоа, треба да се признае дека образованието што го давало училиштето на Цинот во Скопје било на повисоко ниво од образованието што се добивало во другите тогаш заемни училишта во Македонија.

Со неколку прекини Ј. Х. Константинов-Цинот учителствувал во Скопје од 1848 до 1857 година. Окружено со љубов и со грижите на скопските граѓани, особено на браќата Поповиќи, Константин Икономов и Трајче Тонкин Атанасков, чие несебично залагање Цинот не еднаш ќе го истакне,[52] училиштето постојано напредувало. За неговиот успех Цинот вложил големи усилби. За да ја олесни работата на учениците, тој се погрижил да се добијат учебници од Белград и Цариград.[53] Неговото училиште станало многу популарно и брзо се прочуло како едно од најдобрите во тоа време во Македонија. И самиот Цинот го сметал за такво. „И такво беше скопское училище, що в всичка Турция нема, и мучно е да има.”[54] Во него учеле не само децата на скопските трговци и занаетчии, и од околината на Скопје, туку и од другите македонски градови (Велес, Куманово, Тетово, Дебар, од подрачјето на „Река”, па дури и од Призрен).[55]

За самопрегорната работа на Цинот во училиштето дознаваме од една дописка на неговите ученици. „Учителот сами не не остава. Во седум дни еднаш излегува на прошетка в чаршија и тоа по еден саат. И ние од него земаме пример, и нам од училиштето на друго место не ни се оди.”[56]

Каков успех постигнало и како било примено македонското училиште на Цинот од скопското население се гледа од фактот, што по неговото отворање грчкото училиште останало без ученици. За тоа ни говори една

---

[51] Новиот наставен план во целост Цинот го објавил во „Цариградски вестник" 1852 г., бр. 68. Овој наставен план е прикажан во статијата „Класните училишта во Македонија”, Годишен зборник на Филозофскиот факултет 1971 г., кн. 23, с. 85- 86.

[52] „Цариградски вестник”, 1851, бр. 59.

[53] Во 1851 г. скопското училиште добило подарок 1090 книги од Министерството за просвета на Србија (Држ. Архив на СР Србија, Ф. I, N° 29, 1852 г.); Истата година училиштето добило од Александар Егзарх од Цариград 1200 различни книги на бугарски јазик („Шумадинка”, 1852, бр. 5, с. 3).

[54] Архив на Српската академија на науките и уметноста, Дел. бр. 56, (4), 1856.

[55] В. Кънчов, цит. дело. с. 141.

[56] „Цариградски вестник”, 1852, бр. 73.

дописка испратена од Скопје, а објавена во весникот на Љ. Ненадовиќ „Шумадинка". „... пре две године добіемо за учителя некогъ Јордана Константиновића, родом од Велеса, човека истина младогъ но пуногъ ватре и жарког родолюбія, и овай почне дѣцу нашу у Словенскомъ читаню прилѣжно обучавати. Успехом овим преко сваке мере обвеселени, давали смо дѣчицу нашу у младо ово наше училиште найохотние... Но како е сад збогъ ове наше школе, Грчка школа готово празна остала, еръ свакий родителъ воли да му дете, прво на материѣмъ езыку што научи, па после ако доспе, нека учи и на туђемъ, то Грцы нашавши се увређени, почну противу нас и нашегъ учителя явно роптати, и то роптанѣ найпосле приобрати се у явну распру..."[57]

Но Цинот не се ограничил само на дејноста во училиштето, која ја вршел со голема љубов, туку и активно учествувал во општествениот и просветно-културниот живот на градот. Тој бил неуморен проповедник и агитатор. Секогаш кога за тоа имал можност – во куќата на некој од своите пријатели, пред насобраниот народ во црквата или училиштето, Цинот држел пламени говори во патриотски дух и отворено истапувал против фанариотското свештенство и ненародниот грчки јазик. Такви говори тој држел секоја недела и празник во црквата, а по богослужбата ги повикувал граѓаните да го посетат училиштето, каде што неговите ученици давале театарски приредби со морално-поучна и национална содржина. Неговото училиште станало центар не само за ширење на просветата на мајчин јазик, туку и за национално будење на населението.

Постојат податоци дека на иницијатива на Јордан Хаџи Константинов-Цинот било основано првото читалиште во Скопје, несомнено едно од најстарите читалишта во Македонија. Ова читалиште, познато под името „Славјански дом", веројатно постоело и почнало организирано да работи уште пред 1853 година. Тоа одиграло значајна улога во просветното и културното издигање на скопските граѓани.[58]

Ваквата дејност му донела на Цинот голема популарност кај народот. Но таа не останала незабележана од страна на грчкиот владика Јоаким и однародените скопски чорбаџии – неговите најогорчени непријатели. Додека ја имал заштитата на влијателните градски првенци – браќата Поповиќи, особено на постариот брат Ѓорѓи, кој бил носител на црковно-просветната борба против грчкото духовно ропство, Цинот спокојно работел во своето училиште. Но, кога браќата Поповиќи паднале во немилост кај Турците поради своите врски со Русија, а особено поради тоа што Хаџи Ѓорѓи од 1851 година бил почесен руски конзул во Скопје и во почетокот на Кримската војна (1853 г.) биле уапсени и интернирани во Серез, се влошила положбата и на Цинот. Владиката Јоаким интригирал против него кај Турците дека е руски шпион и овие почнале да гледаат на Цинот како опасен човек. Кон

[57] „Шумадинка", 1852, бр. 5, с. 3.

[58] Д-р Харалампие Поленаковиќ, Белешки за најстарото читалиште во Скопје, „Нова Македонија" од 28.II. 1955.

крајот на 1853 година владиката Јоаким и неговиот приврзаник Никче Х. Трајков пак го наклеветиле Цинот пред власта и тој бил отстранет од училиштето. За ова Цинот подоцна во едно свое писмо до „Друштво српске словесности” пишува:

„На 1853 от Скопле ме обклевети скопски владика и четири Грека между них и 4 Бугарски отпадници, на Турци како да сам бил Росийски соиладатай, и подстрекавам Србли и Бугари да се бунат; Пет пути шпион пред Паши ме судеха; седм пути ноће ме влекоха; – найпосле владиката и Х. Трајковић и греци немилостиви на Турци в мезличо дадоха потпис да ме погубат, па што ке дойде они да се отговарат. – На мезлич мене ме призваха и ми рекоха до три дни ако не си станеш, ќе те убиеме; и тако Скопско училище владика и греци го разориха...”[59]

Принуден да го напушти Скопје, Цинот се вратил во родниот град Велес. Но и тука не нашол мир. Неговиот огорчен непријател – владиката Авксентиј го изгонил од Велес и тој отишол во Цариград, за да бара заштита од рускиот конзул. Бидејќи овој во тоа време не се наоѓал во Цариград, Цинот се обратил за помош кај српскиот капу-ќехаја Николаевиќ, кој се застапил за него кај турската управа и му издејствувал дозвола да се врати во Скопје. „Я от него испросих да ме врати още еднаш в Скопле за инат на греците и владиката, и да знаят как сам прави тврди Славян...”[60]

Кога Цинот дошол во Скопје, во почетокот на 1854 година, неговото место во општинското училиште при црквата „Св. Богородица” било веќе зафатено[61] и затоа тој отворил приватно училиште во куќата на скопскиот граѓанин Божидар Ботуш.[62] Но и како приватен учител тој имал големи пречки и тешкотии во работата. Владиката продолжил да интригира против него и неговото училиште, а Цинот јавно ги изнесувал неговите злоупотреби. Еден ден владиката го повикал и му рекол: „... Бре учител! Аз сум Турчин от 50 години вамо, та ќе те затриям дибидус. – Така ми се похвали и Х. Трајковић”.[63]

При крајот на 1856 година положбата на Цинот во Скопје сосема се влошила. Неговите противници – владиката и чорбаџиите го наклеветиле пред власта дека го бунтувал народот да не плаќа даноци. Тој бил уапсен и протеран од Скопје. Свечено испратен од скопското население – мажи, жени и неговите ученици, на 23.I. 1857 година Цинот заминал за Белград, за да бара заштита.

„Плачевна сцена во нашиот град се случи. Учителот од нашиот град Г. Јордан Х. Константинов настрада неправедно и злосторно од гонењето на

[59] Архив на Српската академија на науките и уметноста, Дел. бр. 17/56 од 9.XII.1856.

[60] Истото.

[61] По препорака на врањанскиот владика Паисиј, за главен учител дошол Анѓелко Цветановиќ од Врање. За свој помошник тој го зел својот ученик Стојан Костов, кој го завршил Груевото училиште во Пловдив. Д-р Ј. Х. Васиљевић, Просветне и политичке прилике..., с. 110-111.

[62] В. Кънчов, цит. дело. с. 150.

[63] Архив на Српската академија на науките и уметноста, Дел. бр. 17/56 од 9.XII.1856.

нашиот митрополит Г-н Јоаким и Г-н Никче Х. Трајков, кој е ревносен приврзаник на неговото Преосвештенство. Јордан ја исполнува службата на еден особен начин, и со своето добро поведение ја привлекува не само почеста на Бугарите, ами уште и на Турците.

Начинот на кој тој предаваше толку привлекуваше... што не само мажи, туку и жени одеа да слушат уроци кај него. Сето тоа не им беше пријатно на митрополитот и Г-н Никче и го извадија учителот од служба и претпочитаа да ги остават децата на улица да играат и да учат она што се учи на улиците, само да не се во училиштето каде што учеше Г-н Јордан."[64]

По краткиот престој во Белград, Цинот се вратил во Скопје со препорака до призренскиот паша и владиката Јоаким. Меѓутоа, состојбата ни малку не се подобрила за него. Напротив, судирите со владиката и чорбациите продолжиле и биле сѐ поостри. Цинот останал во Скопје уште неколку месеци како приватен учител, потоа бил уапсен од Турците и испратен на заточение во Битола.[65]

Така завршила десетгодишната борба на Цинот за народно училиште во Скопје, за време на која биле поставени цврсти темели на македонската писменост и јазик и отстрането духовното влијание на грцизмот од овој наш град.

Отстранувањето на Ј. Х. Константинов-Цинот од Скопје во 1857 година мошне негативно се одразило врз општата состојба на просветно-културниот и општествениот живот во градот. Со својата самопрегорна дејност како просветен и општествен деец, како предводник на борбата против фанариотското духовно ропство тој се здобил со широка популарност кај скопското население. Затоа неговото отсуство се почувствувало во градот. Иако скопските првенци се погрижиле да доведат нов учител, тие не можеле да најдат учител од неговиот ранг, кој успешно ќе ја продолжи неговата работа и ќе биде негова достојна замена. Во почетокот на 1854 година, кога Цинот бил отстранет од училиштето при црквата „Св. Богородица" и продолжил да работи како приватен учител во Скопје, тие го довеле за главен учител во ова училиште учителот *Анѓелко Цветановиќ* од Врање[66] Меѓутоа, тој се задржал во Скопје само една година и во почетокот на 1855 година за учител бил погоден неговиот помошник *Стојан Костов*, кој претходно го завршил Груевото училиште во Пловдив.[67] В. Кънчов го прикажува С. Костов како мошне способен учител кој значително придонел за осовременувањето и унапредувањето на наставата во училиштето при црквата „Св. Богородица". Тој наспомнува дека покрај основниот курс кој завршувал со изучувањето на заемните таблици, Костов држел и втор курс кој одговарал на тогашните нижи гимназијални класови во Бугарија со следниве предмети: свештена историја, општа и бугарска историја, аритметика, бугарска

---

[64] „Цариградски вестник", 1857, бр. 319.
[65] В. Кънчов, цит. дело, с. 153.
[66] Д-р Ј. Х. Васиљевић, Скопље и његова околина, с. 521.
[67] В. Кънчов, цит. дело, с. 151.

граматика, турски јазик, краснопис и црковно пеење.[68] Меѓутоа, потврда за тоа дека овие предмети Костов навистина ги предавал не наоѓаме и кај други извори. Самиот Костов во едно свое писмо од 8 декември 1857 година до бугарскиот општественик Најдан Геров, со кого бил во блиски односи, меѓу другото вели дека на поголемите деца предавал „по малку нешто или од Граматика или Аритметика и друго".[69] Имајќи ги пак предвид предметите што Цинот ги предавал во ова училиште и знаењата што ги добивале неговите ученици мораме да констатираме дека тие биле пообемни и на повисоко ниво од знаењата што им ги давал на учениците учителот Костов.

Напоредно со училиштето при црквата „Св. Богородица" во ова време во Скопје постоеле уште две училишта. Едното било отворено во маалата „Чаир", а другото во маалата „Араци Селаледин", од десната страна на р. Вардар. И двете биле основни, заемни училишта. Но во споредба со училиштето при црквата „Св. Богородица", тие имале помал број ученици, а и знаењата што ги давале биле поскромни. Во споменатото писмо Костов известува дека во трите училишта тогаш учеле вкупно 120 ученици (во маалата „Чаир" - 20, во маалата „Араци Селаледин" - 30 и при црквата „Св. Богородица" - 70.[70] Наставата во нив била слабо организирана и не била на нивото на наставата во училиштата во Бугарија. Тие работеле во приватни куќи, кои немале ни најелементарни услови за училишта. „Особено училиште по нов метод, како таму во Бугарија во Скопје нема: токму една средна соба, во која се собираат и мали и големи деца... Училишта имаме три, меѓутоа едно за едно не е". Костов подвлекува дека и учителите биле неподготвени за наставна работа („кој како од кој"), дека ги учеле децата само малку да читаат, а тој „нешто малку божем и од науки предавал."[71] Таква била општата состојба на училиштата во Скопје тогаш.

Извесно подобрување во наставната работа во училиштата, особено во „Чаир" и од десната страна на р. Вардар, настанало со доаѓањето на пообразовани учители, кои се школувале во соседните земји. Во 1858 година скопските првенци го довеле за учител во училиштето од десната страна на р. Вардар *Стојко Аќимов*, роден од с. Пакошево, Скопско. Тој се школувал во Белград како „благодејанец" на српската влада и завршил два класа гимназија.[72] Во истата година или нешто порано за учител во училиштето во „Чаир" бил ангажиран *Михаил Ковачев* од Штип,[73] брат на Јосиф Ковачев – поранешен учител во Гњилане, подоцна истакнат македонски педагог, основач на првите педагошки училишта во Македонија (Штип – 1869, Прилеп – 1874). Учениците учеле од различни учебници. С. Костов вовел во училиштето при црквата „Св. Богородица" бугарски учебници, а учителите С. Аќимов и М. Ковачев српски учебници што ги добиле од Белград. С. Аќимов

[68] Истото, с. 152.
[69] Из архивата на Найден Геров, кн. I, София, 1911, с. 929-930.
[70] Истото, с. 929-930.
[71] Истото, с. 929-930.
[72] Д-р Ј. Х. Васиљевић, Скопље и његова околина, с. 523, заб, 3.
[73] Истото, с. 523; М. В. Васелинов, Школе у Скопљу, Братство, VII, Београд, 1896,с. 316.

учителствувал во Скопје до 1860 година, потоа отишол за главен учител во Тетово.[74] На негово место за учител во училиштето од десната страна на р. Вардар бил поставен даскал Блажо, ученик на Цинот.[75] М. Ковачев продолжил да учителствува во училиштето во „Чаир" и во 60-те години.

Постоењето на овие училишта во ова време во Скопје го потврдуваат и англиските патописки *Макензи* и *Ирби* кои го посетиле градот во 1863 година. Тие соопштуваат дека тогаш во Скопје имало три училишта и дека во двете училишта (во „Чаир" и од десната страна на р. Вардар) учеле вкупно 60 ученици, а во третото – поголемото училиште (при црквата „Св. Богородица") 100 ученици.[76] Освен тоа, тие наспомнуваат дека во училиштата се работело по српски учебници и дека кај едниот учител нашле слики на стари српски кралеви и јунаци.[77] Оваа нивна констатација се однесува веројатно на учителот М. Ковачев, зашто од едно негово писмо испратено од Скопје на 15 февруари 1863 година до Стефан Верковиќ во Серез дознаваме дека таму тој се интересирал за купување портрети на истакнати српски, бугарски и руски владетели и просветители.[78]

Училиштето во „Чаир" и во маалата „Араци Селаледин" работеле во приватни куќи, а училиштето при црквата „Св. Богородица" во зграда изградена во 1848 година. Бидејќи училиштето при црквата „Св. Богородица" повеќе не можело да ги задоволи нараснатите потреби од училишен простор, на големото народно собрание граѓаните решиле да подигнат нова училишна зграда. За таа цел веднаш биле собрани 46.000 гроша. Освен тоа, населението од градот и од околните села подариле градежен материјал кој бесплатно го пренеле до местото на градбата на училиштето. Основите на училишната зграда биле поставени есента 1862 година, а нејзината градба со учеството на речиси целото население продолжила во летото 1863 година и била завршена пролетта 1864 година. Била изградена за тоа време многу убава, современа училишна зграда од тврд материјал на два ката, со пространи светли училници и кабинети. Зградата долго време служела за училишни потреби на населението, извесно време – од 80-те години до балканските војни во неа работела егзархиската педагошка гимназија.[79]

До крајот на 60-те години не е можно точно да се следи работата на училиштата во Скопје поради недостиг на веродостојни податоци. Според некои автори, во 1866 година во Скопје било отворено училиште со настава на српски јазик. Тоа било сместено во приватна куќа и во него учителствувале некој учител Тодор (Троило) и учителките Катица и Перса. Меѓутоа, училиштето работело кратко време, ни една полна година. Власта ја забра-

---

[74] Д-р Ј. Х. Васиљевић, Скопље и његова околина, с. 523.

[75] В. Кънчов, цит. дело. с. 154.

[76] Мекензиева – Ирбиева, Путовање по словенским земљама Турске у Европи, Београд, 1868, с. 105.

[77] Истото, с. 108.

[78] Документи за българското възраждане от Архива на Стефан И. Веркович, София, 1969, с. 36-38.

[79] В. Кънчов, цит. дело, с. 158.

нила неговата работа. Есента 1867 година повторно било отворено училиште со настава на српски јазик во куќата на скопскиот граѓанин Хаџи Кочко Икономовиќ. Но и ова училиште имало краток век. По една година власта им наредила на учителот Михајло Стојановиќ и неговата жена Милка да го напуштат Скопје.[80]

Во 60-те години е сè поприсутна бугарската пропаганда во Скопје. Својата активност таа ја насочува пред сè на исфрлувањето на српските учебници од наставата во училиштата и воведувањето наместо нив бугарски учебници и бугарски јазик. Во 1863 година таа успеала да воведе бугарски учебници во училиштето на М. Ковачев во „Чаир",[81] а кон крајот на 60-те години речиси и во сите училишта во Скопје. По српски учебници работеле во тоа време и подоцна само уште училиштата во некои села на скопска Црна Гора (Кучевиште, Св. Никита, Бањани, Мирковци, Чучер, Побожје и др[82].

Иако до средината на XIX век грчкото просветно-културно влијание било потиснато, борбата против грчкото духовенство и Цариградската патријаршија, за словенска богослужба во црквите во Скопје и во 60-те години продолжила, станала сè поостра и добила масовен карактер. Оваа борба особено се размавнала и добила карактер на општ народен бунт кога на општествената сцена стапил истакнатиот македонски градски првенец *Ѓорѓи Карајовев*. Тој го организирал народот и повел широка агитација по целата Скопска епархија против тогашниот скопски митрополит Јоаким, барајќи наместо него за митрополит на скопската митрополија да се постави човек од словенско потекло.[83]

Кога пак по смртта на владиката Јоаким 1868 година за митрополит на скопската митрополија бил поставен врањскиот владика Паисиј, по народност Грк, скопските граѓани со протести и петиции до Цариградската патријаршија и Портата енергично ја искажале својата несогласност и незадоволство за митрополит на скопската митрополија да имаат грчки владика и богослужбата во црквите да се изведува на грчки јазик. Какво било расположението на народот против владиката Паисиј и грчкото свештенство недвосмислено го изнесува во своите автобиографски записки попот Јован Трајковиќ Бурка, тогаш учесник во црковните борби во Скопје на страната на Патријаршијата: „...ами што да радимо будуќи народ неќе више за владику Пајсија, па и ми попови не познавамо њега за владика и да видимо народ што ќе да учини..."[84] Но и самиот владика Паисиј чувствувал дека не го сака народот:„... народо ме не познават за владика, па и свештениците избацише мое име, не споменат..."[85]

[80] Д-р Ј. Х. Васиљевић, Скопље и његова околина, с. 524.
[81] М. В. Веселиновић, Школе у Скопљу, Братство, VII, Београд, 1896, с. 318.
[82] Истото, с. 319.
[83] В. Кънчов, цит. дело, с. 155.
[84] Егзархиске агитације у Скопљу 1869 и даље – аутобиографске записке попа Јована Трајковића Бурка, Гласник скопског научног друштва, књ. II, св. 1-2, 1927, с. 253.
[85] Истото, с. 233.

Својата огорченост против владиката Паисиј народот ја искажал на тој начин, што ги зазел трите цркви (Св. Спас, Св. Димитрие и Св. Богородица), поставил пред нив народна стража и не му дозволувал на владиката да влезе во нив, ниту богослужбата да се изведува на грчки јазик: „Али што брате, се подиже од народа велика револуција те одма затворише сви три цркви и не дају Паисија да уѓе во нику цркву..."[86]

Црковните борби продолжиле со несмалена жестокост и добиле драматичен карактер. Во градот настанала критична состојба и за да не дојде до крвопролевање, турската власт, која ги поддржувала патријаршистите, завела опсадна состојба. Жандармите патролирале по улиците на градот, а и војската била готова да интервенира. Сепак еден ден околу две илјади скопски граѓани се обиделе со копачи и секири на јуриш да ја заземат и засекогаш да ја ликвидираат омразената грчка митрополија, но во тоа ги попречиле турските жандарми.[87]

Колку биле заострени односите меѓу македонскиот народ и приврзаниците на Патријаршијата се гледа од фактот што бил прогласен општ бојкот против сè што е грчко, а македонските трговци и занаетчии не им продавале на патријаршистите ни основни животни артикли, поради што била предизвикана глад во градот.[88]

Борбата против Цариградската патријаршија, за еманципација од грцизмот, постепено се приведувала кон својот победоносен крај. На големото народно собрание, одржано во Скопје на 14.XI.1869 година, било решено народот да го откаже признавањето на Патријаршијата, а владиката Паисиј да се протера од градот. А на 21.XI.1869 година, на Воведение Богородичино, на богослужбата во скопските цркви за првпат не се споменало името на владиката Паисиј.[89] Градот прекинал секаква врска со Цариградската патријаршија и формирал своја црковно-училишна општина.

Создавањето на Егзархијата, одделна бугарска национална црква независна од Цариградската патријаршија, со султановиот ферман од 28.II.1870 година, дефинитивно ѝ ставило крај на долгогодишната црковна расправа. Но мнозинството на македонското население од Скопската и Охридската епархија, со исклучок на мал број Власи и Грци, останало незадоволно од ваквото решение на црковното прашање, зашто и двете овие епархии и понатаму останале под јурисдикцијата на Цариградската патријаршија. Своето незадоволство тоа го искажало со бројни петиции и протести до турската влада во Цариград, барајќи да се измени султановата одлука и овозможи присоединување кон Егзархијата. Дури во 1872 година, по одржаниот референдум во Скопската и Охридската епархија, според чл. 10 од султановиот ферман, тие биле присоединети кон Егзархијата. Од 30.902 куќи, колку што тогаш имало во 9 градови и 497 села во Скопската епархија,

---

[86] Истото, с. 233.
[87] Истото, с. 236.
[88] Истото, с. 239.
[89] В. Кънчов, цит. дело, с. 163-164.

24.769 куќи ја признале духовната власт на Егзархијата, а 6.133 на Патријаршијата.[90] Во Скопје пак за Егзархијата се изјасниле 1.674, а за Патријаршијата 123 куќи.[91] На тој начин била извршена поделба на духовната власт во Скопје и се формирале две црковно-училишни општини – егзархиска и патријаршиска. Во надлежноста на егзархиската црковно-училишна општина било мнозинството на македонското население, а на патријаршиската Власите и Грците, главно трговци, занаетчии и службеници што живееле во Скопје и извесен број Македонци и Срби. Во вакви околности мошне се стеснил просторот на влијанието на грчката митрополија, а широко отворил за влијанието на Егзархијата и тоа не само во скопската, туку и во другите епархии во Македонија. Тоа особено се почувствувало по назначувањето на епископот Доротеј за егзархиски митрополит на скопската епархија во 1872 година, кој во Скопје дошол во 1874 година.[92]

Меѓутоа и по создавањето на Бугарската егзархија црковните борби во Скопје продолжиле. Цариградската патријаршија не ја признавала Егзархијата како самостојна црква на бугарскиот и македонскиот народ и ја прогласила за шизматичка (отпадничка) и настојувала и во епархиите во Македонија, коишто со султановиот ферман потпаднале под јурисдикцијата на Егзархијата, да ги задржи своите позиции, посебно во Скопје како центар на голема православна епархија. Егзархијата пак не само што продолжила да постои како самостојна и независна црква од Цариградската петријаршија, туку успеала да го зајакне своето влијание и зацврсти своите позиции во епархиите во Македонија што биле во нејзина надлежност.

Присутна уште од времето по Кримската војна и особено од почетокот на 60-те години, сега веќе легализирана со основањето на Егзархијата и поставувањето на егзархиски митрополит, бугарската просветна и црковна пропаганда развила интензивна дејност на ширењето на своето влијание во Скопје. За неа Скопје било од интерес не само како значаен стопански, економски и просветно-културен центар, туку и како средиште на најголема православна епархија во Македонија, во која бил сконцентриран значителен дел од македонското население. Затоа уште од почетокот таа својата дејност ја насочила кон отстранувањето на влијанието на српската и грчката пропаганда и јакнењето на својата улога во општествениот, просветно-културниот и духовниот живот на градот. Ваква дејност таа особено развила по реорганизирањето на дотогашната самоуправна македонска црковно-училишна општина и претворањето во свој орган. Преку неа таа успеала да ја потчини под своја контрола управата на училиштата и да воведе во нив бугарски јазик и бугарски учебници. Истовремено таа ја поттикнувала борбата за отстранување на грчкиот богослужбен јазик во скопските цркви.

---

[90] Истото, с. 84-85.

[91] Истото, с. 86.

[92] Д-р Ј. Х. Васиљевић, Скопље и његова околина, с. 516; по Доротеј егзархиски владици во Скопје биле: Кирил (1875-1877), Теодосие (1890-1891), Максим (1892-1895), Синесие (1895-1910) и Неофит (1910-1913). – Александар Матковски, цит. статија, с. 27, заб. 38.

Како резултат на таа борба најпосле дефинитивно бил воведен црковно-словенскиот јазик како богослужбен јазик во катедралната црква „Св. Богородица" и црквата „Св. Димитрие" и само во црквата „Св. Спас" богослужбата се изведувала на црковно-словенски јазик од левата страна, а на грчки јазик од десната страна.[93]

Воопшто, основна тенденција на политиката на бугарската пропаганда била да го задуши дотогашниот самостоен карактер на просветно-културниот и националниот развиток и постепено да го денационализира и асимилира македонското население во градот и епархијата. Но предизвикани од ваквата дејност и стремежите на бугарската пропаганда, во ова време исто така ја засилиле дејноста и борбата на остварувањето на своите аспирации во Скопје и неговата епархија и другите две странски пропаганди – српската и грчката. Сепак, до руско-турските и српско-турските војни (1876-1878), во однос на бугарската пропаганда, дејноста и постигнатите резултати на овие две пропаганди имале поограничени размери.

## II
## Школството и просветата во Скопје од крајот на 70-те години на XIX век до Првата светска војна

По српско-турската војна значително опаднало влијанието на српската просветна пропаганда во Македонија. Поради влошените односи меѓу Србија и Турција српската пропаганда немала услови да ја продолжи својата дејност во Македонија. Турската власт со недоверба гледала на секоја акција од страна на Србија во Македонија, па ги затворила сите училишта со настава на српски јазик што дотогаш постоеле во некои македонски градови, а српските учители ги протерала. До 80-те години не постоеле речиси никакви просветно-културни односи меѓу Македонија и Србија. Во текот на овој краток период српската просветна пропаганда не појавила никаква иницијатива ниту организирана активност за обновување или отворање нови училишта со настава на српски јазик во Скопје и во други градови на Македонија.

Под притисок на Цариградската патријаршија, по отпочнувањето на руско-турската војна 1876 година, турската влада ги отповикала егзархиските владици од Скопската и Охридската епархија Доротеј и Натанаил, кои според втората алинеја на член 10 на султанскиот ферман, односно по одржаниот плебисцит во овие епархии и изјаснувањето на мнозинството од православното население за Егзархијата, биле поставени за митрополити во нив. Меѓутоа, иако со одлуката на турската влада Патријаршијата формално ги повратила под своја надлежност Скопската и Охридската епархија, веднаш по завршувањето на војната бугарската пропаганда ја обновила својата

[93] Д-р Рад. М. Грујић, Скопска митрополија, историјски преглед, – Споменици православног храма Св. Богородица у Скопљу, 1835-1935, Скопље, 1935, с. 249.

дејност на отворањето училишта со настава на бугарски јазик и во овие епархии, сметајќи ја ваквата своја дејност за сосема легална, зашто мнозинството на православното население во нив со плебисцит веќе се изјаснило против Патријаршијата и определило за Егзархијата. Освен тоа, во сите епархии во Македонија што биле во нејзина недлежност, Егзархијата организирала бугарски црковно-училишни општини чии претседатели ги прогласила за свои намесници. Тие имале широки овластувања во поглед на организирањето и управувањето со училишниот, просветно-културниот и црковниот живот во македонските градови и села. Егзархијата основала и специјална институција „Училишно попечителство", која како нејзин орган имала за своја задача да отвора бугарски училишта во Македонија, да поставува учители и да се грижи за нивното издржување. За остварувањето на ваквите цели оваа институција располагала со специјален фонд од буџетот на Бугарското кнежевство, кој во почетокот изнесувал околу 600.000 франкови[94]

По руско-турската војна бугарската пропаганда посветила посебно внимание на обновувањето и отворањето нови училишта и други просветно-културни установи во Скопје како центар на најголема и најважна православна епархија во Македонија. Во новоотворените училишта настојувала да привлече што поголем број македонски деца и кај нив да развие бугарска национална свест. Нивниот број од година на година постојано растел, така што во учебната 1886/87 година во егзархиските основни училишта во Скопје учеле вкупно 409 македонски деца (334 машки и 75 женски), а во класните училишта 146 (133 машки и 13 женски). Наставата во основните училишта ја изведувале 9, а во класните училишта 7 учители и учителки. Во учебната 1895/96 година, пак, бројот на учениците во егзархиските училишта во Скопје двојно се зголемил – во основните училишта учеле вкупно 950, а во класните училишта 256 ученици.[95] Според В. Кънчов, во учебната 1894/95 и 1895/96 година во Скопје имало 7 егзархиски основни училишта и тоа: 1 машко и 1 женско училиште при црквата „Св. Богородица", 1 мешано училиште во „Чаир" маала, 1 мешано училиште во „Топана" и 2 мешани училишта во „Каршијак". Освен овие училишта, во ова време во Скопје постоеле и егзархиско училиште и егзархиско женско класно училиште. Педагошкото училиште било шестокласно (3 општообразовни и 3 педагошки класови). До учебната 1895/96 година тоа било четирикласно училиште, а од таа година му биле придодадени педагошките паралелки кои дотогаш биле во составот на бугарската гимназија во Солун. Ова училиште било организирано како и другите тогашни педагошки училишта во Бугарија и имало за задача да подготвува учители за скопската епархија и други места во Македонија. При училиштето постоел пансион и учениците биле задолжени да плаќаат од 5 до 12 лири, зависно од нивната имотна состојба. Некои од учениците, чии родители биле „заслужни Бугари", биле ослободени од

[94] Бугарске школе по Македонији од $x^{3+5}$, Отаџбина, Београд, 1888, св. 73, с. 81.
[95] Васил Кънчов, Избрани произведения, т. II, Град Скопие, София, 1970, с. 78.

плаќањето за пансион. Во првата, 1895/96 учебна година, во училиштето имало 200, а подоцна 250 ученици. Пансион постоел и при женското четирикласно училиште. Тоа во учебната 1895/96 година имало 50 ученички и 5 учителки. И со двете училишта раководел еден директор кого го назначувала Егзархијата, како и учителите во нив кои и ги издржувала. Основните училишта, пак, биле издржувани од касата на црковно-училишната општина. Меѓутоа, сите училишта биле во директна надлежност на бугарскиот митрополит во Скопје, кој ги претставувал пред власта и одговарал за нивната работа.[96].

Поради слабата општообразовна и педагошко-методска подготовка на учителите наставата во егзархиските училишта била на мошне ниско ниво. Само мал број учители имале соодветно педагошко-методско образование и биле оспособени за изведување на основната настава. Извесно подобрување во изведувањето на наставата во основните училишта настанало по 1898 година, кога се појавиле првите учители што го завршиле егзархиското педагошко училиште во Скопје.[97] Учители во основните училишта биле, главно, Македонци. Тие наставата ја изведувале на месниот народен говор, зашто не го знаеле бугарскиот јазик, а и децата не го разбирале овој јазик.

Во 80-те години српската пропаганда ја обновила дејноста и настојувала да го прошири своето просветно-културно и национално влијание во Македонија. Таа одново го свртела своето внимание кон Македонија по анексијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија 1878 година. Овие две изгубени области, кои за Србија имале посебно национално значење, како и присуството на бугарската пропаганда во Македонија, која успеала да отвори голем број училишта, побудиле во тогашното српско општество, особено кај српската интелигенција стремеж за обновување на пропагандните дејности од 70-те години и јакнењето на своите национални позиции во „неослободените области”. Во почетокот иницијатор и организатор на обновената српска просветна и национална пропаганда во Македонија било друштвото „Св. Сава”, основано во месец август 1886 година.[98] Тоа развило широка активност и го организирало испраќањето во Македонија не само на српски учители, учебници, парични средства за обновување на стари и изградба на нови училишта, како и различен пропаганден материјал, туку и школувањето на голем број македонски деца и младинци во училиштата во Србија.[99] Како „благодејанци” и „питомци” на друштвото „Св. Сава” и српската влада во училиштата во Србија се школувале многу деца и од Скопската епархија. Воспитувани во српските училишта во српски национален дух, по завршувањето на школувањето тие се враќале во Македонија како учители и свештеници и ревносно ѝ служеле на српската национална пропаганда.

---

[96] Истото, с. 77.

[97] Истото, с. 76.

[98] Јов. Хаџи Васиљевић, Друштво Светог Саве, Скопље и Јужна Србија, Београд, 1925, с. 167.

[99] Истото, с. 170.

Својата активност српската пропаганда во Македонија ја засилила кон крајот на 80-те години, особено откако преминала во ресорот на Министерството за надворешни работи во 1889 година. За нејзината дејност биле доделени значителни парични средства и тоа: за 1890 година 200.000, а за 1891 година 300.000 динари. Во прво време српската пропаганда најголемо внимание посветила на Скопје, кое по отворањето на српскиот конзулат во 1887 година го претворила во центар за ширење на своето просветно-културно и национално влијание во Македонија. Со помош на српскиот конзул таа успеала да отвори прво ново српско училиште во Скопје во 1892 година, од левата страна на р. Вардар, во дечанскиот метох, односно во Еги- пашина маала. Обид за отворање на ова училиште бил направен уште во почетокот на 1891 година, меѓутоа по неколку дена тоа било затворено. Повторно училиштето било отворено на 30 август 1892 година, а дозвола за работа од турската власт добило во 1894 година.[100] Тоа било основно четириодделенско мешано училиште, со две паралелки – машка и женска, во кое во годината на оворањето учеле вкупно 56 ученици (прво одделение – 22, второ – 12, трето – 12 и четврто – 10), [101] а во учебната 1895/96 година 71 ученик (машка паралелка: прво одделение – 12, второ – 3, трето – 10 и четврто – 9; женска паралелка: прво одделение – 10, второ – 12, трето – 9 и четврто – 6). Наставата ја изведувале 2 учители и 2 учителки.[102] Истата, 1893 година, од левата страна на р. Вардар, во пеќскиот метох било отворено и женско основно училиште. Во него учеле вкупно 51 ученички (прво одделение – 28, второ – 16, трето – 5 и четврто – 2).[103] Потоа, во 1894 година, во Џелаледин маала, од десната страна на р. Вардар било отворено основно триодделенско училиште, со една учителка, во кое учеле 17 ученици (прво одделение – 11, второ – 4 и трето – 2).[104] Во учебната 1895/96 година, во Гази-Ментеш маала, пак од десната страна на р. Вардар, се отворило уште едно основно училиште. Во него учеле вкупно 23 ученици (11 во подготвително одделение и 12 во останатите три одделенија).[105]

Освен основни, српската пропаганда настојувала во Скопје да отвори и средни училишта. Веќе во 1894 година таа успеала да отвори и гимназија во дечанскиот метох. Во првата година гимназијата имала само еден клас и тоа за децата од обата пола. А во втората година, поради зголемениот број на ученици, биле одвоени машките и женските деца во две одделни згради и

---

[100] М. В. Веселиновић, Школе у Скопљу, Братство, VII, 1896, с. 307; Св. Ст. Симић, Српске школе у скопљанској епархији (подаци за годину 1895/96), сепарат, с. 14; Стојан Зафировић, Српске гимназије у Цариграду, Солуну и Скопљу, 1892 (1894)-1934, Скопље, 1934, с. 9. Според В. Кънчов, цит. дело, с. 176, училиштето било отворено во 1892 г., но по неколку дена турската власт го затворила, зашто не постоел основен услов за отворање на српско училиште: во маалата немало 30 куќи што тоа го барале. Повторно училиштето било отворено во 1893 г.

[101] М. В. Веселиновић, цит. дело, с. 307.

[102] Свет. Ст. Симић, цит. дело, с. 14.

[103] М. В. Веселиновић, цит. дело, с. 308. Според В. Кънчов, цит. дело, с. 177, училиштето било отворено во 1894 г.

[104] Свет. Ст. Симић, цит. дело, с. 14.

[105] Свет. Ст. Симић, цит. дело, с. 15; В. Кънчов, цит. дело, с. 178.

оттогаш постоеле две училишта – машка гимназија и више женско училиште.[106] Машката гимназија била всушност нижа гимназија и работела според наставниот план на тогашните нижи гимназии во Србија, но во наставата бил застапен и турскиот јазик. Гимназијата имала свој пансион и поголемиот број ученици бесплатно добивале стан, храна и облека. Во учебната 1895/96 година биле запишани вкупно 105 ученици (I клас – 65, II клас – 40). Најголем број деца биле од скопската епархија (55), од Стара Србија (35), Србија (2) и од останатите делови на Македонија (13). Во учебната 1896/97 година гимназијата имала 3 класа со околу 150 ученици. Поради големиот број ученици биле земени под наем две поголеми куќи погодни за пансион на десниот брег на р. Вардар, близу до пансионот на бугарската гимназија.[107] Вишето женско училиште, исто така, имало свој пансион и работело, главно, по наставниот план на тогашните виши женски училишта во Србија. Во учебната 1895/96 година училиштето имало 3 класа, со околу 50 ученички.[108]

Голема активност српската пропаганда развила и на отворањето српски училишта во Скопска Црна Гора. Поголем број села во ова подрачје веќе имале српски училишта во учебната 1895/96 година и тоа: Булачане, Бањане, Чучер, Кучевиште, Побожје, Бродец, Мирковци, Глуво и Кучково. Училиштата биле сместени во приватни стари згради, непогодни за изведување настава и биле посетувани од релативно мал број ученици.[109]

Но, не само во Скопје и во селата на неговата околина, туку и во другите градови и села на Скопска епархија српската пропаганда до крајот на XIX век отворила свои училишта.[110] Така, според Свет. Симиќ, во учебната 1895/96 година во Скопска епархија имало 71 српско училиште, со околу 100 учители и 2.649 ученици од обата пола. Врз основа, пак, на податоците на бугарската митрополија во Скопје, В. К'нчов тврди дека во истата учебна година во местата на Скопската епархија немало повеќе од 62 српски училишта, 100 учители и 1750 ученици.[111]

Но, освен српски и егзархиски училишта, кон крајот на XIX век во Скопје имало и 10 турски основни училишта (сибијан мектеби), 4 турски нижи училишта (мектеб-идадие, мектеб-аскерие, мектеб-едебие, енас-руждие), 1 грчко училиште – во кое учеле грчки и влашки деца, 1 еврејско основно училиште и 1 католичко училиште за шиптарски и други деца од католичка вероисповест. Шиптарските деца учеле од учебници печатени на латиница, а српските деца од католичка вероисповест од хрватски учебници печатени во Виена за народните училишта во Далмација.[112]

---

[106] Д-р Ј. Х. Васиљевић, Скопље и његова околина... с. 551-552; Свет. Ст. Симић, цит. дело, с. 10.

[107] Свет. Ст. Симић, цит. дело, с. 13.

[108] Истото, с. 14.

[109] Истото, с. 16.

[110] Во составот на Скопската епархија биле следниве кази: скопска, кумановска, кочанска, штипска, радовишка, кратовска, кривопаланечка и прешевска.

[111] В. Кънчов, цит. дело, с. 87-88

[112] М. В. Веселиновић, цит. дело, с. 307-309.

Меѓутоа, потребно е да се напомене дека податоците изнесени од одделни автори за времето на отворањето на училиштата, видовите на училишта и бројот на учениците и учителите во нив во ова време во Скопје и Скопската епархија со мошне произволни и тенденциозни, затоа и неточни. Многу поверодостојни за училиштата во Скопје се податоците што ги содржат турските статистички извори. Така, во „Салнаме" за 1893 година – официјален статистички годишник на скопскиот вилает, покрај податоци од областа на стопанството, економијата, културата, војската и др., објавени се и податоци за училиштата во Скопје за таа година. Според овој статистички годишник, во 1893 година во Скопје постоеле 10 христијански училишта, 9 странски основни и средни училишта, 6 турски основни и 5 турски средни училишта и 9 забавишта. Од христијанските училишта 5 биле машки, 2 женски и 3 мешани основни училишта, со вкупно 491 ученик. Од нив 1 било католичко мешано основно училиште, со 18 машки и 10 женски деца. Во сите христијански училишта, освен католичкото, учеле македонски деца, но во текстот на „Салнамето" тие се означени како бугарски, зашто турската власт македонската националност официјално не ја признавала. Во католичкото училиште учеле деца на службеници во католичката црква и на 15 шиптарски семејства што живееле во Скопје.[113]

И во странските училишта, означени така во „Салнамето" затоа што ги издржувале странските пропаганди (бугарската, грчката, српската), учеле македонски деца. Најмногу училишта имала бугарската пропаганда – 5 (1 машко основно училиште со 48 ученици, 1 женско основно училиште со 30 машки и 132 женски деца, 1 машко средно училиште со 319 ученици во 4 паралелки, 1 женско средно училиште со 150 ученички во 3 паралелки и 1 машко основно и средно училиште со 319 ученици). Грчката пропаганда имала 2 училишта: 1 машко основно училиште со 65 ученици во 6 паралелки. Во нив учеле и влашки деца сè до 1896 година кога романската пропаганда отворила свое училиште. Српската пропаганда имала само 1 основно училиште со вкупно 52 ученици, а во 1894 година отворила и српска гимназија. Постоело и еврејско машко училиште со 154 ученици во 5 паралелки. Во него еврејските деца учеле шпански, француски и турски јазик.[114]

Освен училиштата што ги отвориле странските пропаганди, во Скопје во 1893 година постоеле и 6 основни и 5 средни турски училишта. Во основните училишта учеле вкупно 455 ученици („Кебир" – 180, „Хаирис" – 80, „Фрејзие" – 50, „Медох" – 50, „Афс Моамуд" – 55 и „Шукрие" 40). Првите 5 училишта биле мешани, а „Шукрие" женско основно училиште. Постоеле и 5 забавишта со вкупно 420 деца од предучилишна возраст. Во средните училишта учеле вкупно 685 ученици (машка гимназија „Идади милки" – 129, женска гимназија – 150, воено училиште – 197, литературно училиште „Мектеби едеп" – 309). Бројот на учениците во занаетчиското училиште не бил познат.

---

[113] Просветни установи во Скопје во 1893 година, Просветно дело, Скопје, 1952, бр. 9-10, с. 47-48.

[114] Истото, с. 48-49.

Машката гимназија („Идади милки") се сметала за најважно турско средно училиште во Скопје, била отворена уште во 1888 година и во 1893 година имала 129 ученици (25 интерни и 104 екстерни). Таа била сместена во двокатна, пространа, мошне солидно изградена зграда и според нејзиното име и месноста го добила името „Идадија", во која по ослободувањето на Македонија 1944 година работело и македонското учителско училиште. Наставата во неа имала претежно световен карактер, се предавале следниве предмети: француски, турски, арапски и персиски јазик, уметничко пишување и уметност (цртање), природни науки, литература (општа), правопис, право, хемија, географија, историја, аритметика, турска литература, вероисповест, шеријатско право и геометрија.

Женската гимназија била непотполно средно училиште, како и военото училиште, кое го посетувале само турски деца. Во него учениците се подготвувале за вишето воено училиште во Цариград. Литературното училиште „Мектеби едеп" имало најголем број ученици, но според наставните содржини што се предавале во него заостанувало во однос на другите турски средни училишта. Во него се учеле предметите: француски, турски, арапски и персиски јазик, аритметика, историја, географија, вероисповест, куран и краснопис. За разлика од другите средни училишта, занаетчиското училиште било под заштита на скопските еснафи. Го посетувале, главно, еснафски деца, кои се определувале за изучување на некој занает.[115]

Според статистичкиот годишник „Салнаме", во сите училишта во Скопје во 1893 година учеле вкупно 3.440 ученици и тоа: во христијанските основни училишта 491 ученик, во странските училишта 1.389 ученици, во основните турски училишта 455 ученици, во средните турски училишта 685 ученици и во забавиштата 420 предучилишни деца. Со сите овие училишта – државни, општествени и приватни раководела и вршела надзор над нивната работа Градската просветна управа. Но, освен овие, постоеле и различни турски духовни училишта речиси при секоја џамија. Тие биле самостојни, а се издржувале од вакуфски прилози. Во нив најважен, главен учебник бил куранот, световни предмети воопшто не се изучувале. Од 1875 година во Скопје постоела и печатница во која се печателе учебници за сите турски училишта во скопскиот вилает и други изданија (годишници, статистички прегледи, различни формулари) на турски јазик.[116]

*

*   *

Црковните борби во Скопје продолжиле со несмалена жестина и во 90-те години и често завршувале со интервенција на турските жандарми. Поради незадоволството на народот од фанариотската политика на митрополитот Паисиј, тој бил принуден да поднесе оставка во 1891 година. На

[115] Истото, 49-51.
[116] Истото, с. 52-53.

негово место Патријаршијата го назначила владиката Методиј. Поставувањето за скопски митрополит на грчки владика предизвикало големо незадоволство кај народот, кој остро реагирал со протести до турската влада и Цариградската патријаршија, барајќи за митрополит да биде назначен владика од словенско потекло. За да ја смири состојбата, Патријаршијата била принудена да попушти и дозволила и во црквата „Св. Спас" богослужбата да се изведува на словенски од левата певница или по завршувањето на грчката богослужба, но народот барал да се отстрани богослужбата на грчки јазик и од оваа црква и изведува само на словенски јазик. По ненадејната смрт на Методиј во 1896 година, за скопски митрополит бил поставен грчкиот владика Амвросиј. Но и против него народот ја продолжил борбата и наскоро, во 1897 година, тој бил протеран од Скопје. Така завршила долгогодишната борба во Скопје против вековната духовна доминација на грчките фанариоти.

По заминувањето на грчкиот митрополит Амвросиј од Скопје на 14 април 1897 година, српската влада успеала да издејствува од Патријаршијата за митрополит во Скопје да го ракоположи српскиот архимандрит Фирмилијан.[117] Во својството на администратор на скопската епархија Фирмилијан дошол во Скопје на 4 октомври истата година, но бил многу лошо примен од патријаршиската општина. Таа му забранила да врши богослужба во црквата „Св. Спас". Плашејќи се од избувнувањето на нереди, турската власт ја затворила црквата. Меѓутоа, на енергичното инсистирање на Патријаршијата, турската власт ја отворила црквата но под услов: две недели во неа богослужбата за Грците и Власите да се изведува на грчки јазик, а една недела на словенски јазик за Србите.[118] Подоцна Грците и Власите наполно им ја отстапиле црквата „Св. Спас" на Србите, а овие им помогнале со 40.000 дин. да изградат за себе нова црква „Св. Мина".[119]

Кон крајот на XIX век се заострила борбата за предоминација во Македонија меѓу српската и бугарската пропаганда, кои настојувале да го зајакнат своето просветно-културно, национално и политичко влијание со интензивна и организирана дејност, не бирајќи средства и методи. Скопје станало центар за ширење на нивните пропагандни дејности во Македонија. Тие во него отвориле книжарници во кои се продавале книги, учебници за училиштата и друг пропаганден материјал. И двете пропаганди располагале со значајни парични средства за отворање нови училишта, за назначување учители и нивното издржување. Само во времето од 1890 до 1896 година за издржувањето на училиштата во скопската епархија бугарската пропаганда изарчила 5.285 и пол турски лири.[120]

---

[117] По Фирмилијан (1897-1903), митрополити на Скопската епархија биле и српските владици Севастијан (1904-1905) и Виќентие (1905-1915).

[118] В. Кънчов, цит. дело. с. 181.

[119] Д-р Ј. Х. Васиљевић, Скопље и његова околина..., с. 558.

[120] Александар Матковски, Црковно-просветните борби во Скопје во XIX век, Просветно дело, Скопје, 1953, бр. 1-2, с. 33.

Особено интензивна дејност српската пропаганда развила во Скопје во првата деценија на XX век. Нејзината политика во ова време била насочена на отстранувањето на бугарското просветно-културно и национално влијание и зацврстувањето на своите национални позиции во градот. За да привлече што поголем број ученици, таа обрнала посебно внимание на квалитативното подобрување на условите на животот и работата во училиштата, особено на организацијата и содржината на наставната работа, како и на ангажирањето на образовани и способни учители и наставници. Од фондот за поттикнување дејноста на пропагандата биле издвоени 2.000 наполеони за подигнување нова училишна зграда за потребите на гимназијата и учителското училиште. Изградбата на зградата започнала во 1904 година и била готова за неполни пет месеци. Таа претставувала современа училишна зграда – двокрилна со приземје и еден кат и имала потребен број училници за изведување на наставата и простории за пансион (спални, кујна, трпезарија, бања). Меѓутоа, по три години, во ноември 1907 година, зградата наполно изгорела со целокупниот училишен и интернатски инвентар. Привремено учениците биле сместени во двете згради на женското училиште – во едната машките, а во другата женските деца. Просториите пак во старата зграда во „Дечанскиот метох" биле приспособени за училници. Во летото 1908 година, на темелите на изгорената училишна зграда, било обновено само приземјето со простории за управата на училиштето и училници, во кои наставата во учебната 1908/1909 година се изведувала за учениците од нижата гимназија и трикласното учителско училиште. Нешто подоцна, во 1910 година, напоредно со одлуката за основање на српска осумкласна гимназија и четирикласно учителско училиште, било решено во дворот на тогашната гимназија да се подигне нова училишна зграда. Темелите на новата училишна зграда биле поставени во ноември 1910 година и нејзината изградба со прекини продолжила до завршувањето на балканските војни. Наставата во неа отпочнала во учебната 1913/14 година. Над приземјето на старата (изгорена) училишна зграда во 1925 година бил подигнат кат и таа го добила својот првобитен изглед, каков што го имала 1907 година.[121]

Каква важност српската пропаганда му придавала на ширењето на своето просветно и национално влијание не само во Скопје, туку и во другите градови и села во Скопската епархија се гледа од фактот, што во периодот до балканските војни таа во оваа епархија отворила 98 српски училишта.[122]

Од 1910 година српската непотполна гимназија во Скопје била подигната во ранг на потполна осумкласна гимназија. Всушност таа година била укината српската седумкласна гимназија во Солун и споена со скопската гимназија. Тогаш таа била единствена потполна осумкласна гимназија во

[121] Стојан Зафировић, Српске гимназије у Цариграду, Солуну и Скопљу, 1892 (1894)-1934, Скопље, 1934, с. 76-80.

[122] Историја на македонскиот народ, кн. II, Скопје, 1969, с. 124.

Македонија. Бугарската и грчката гимназија во Битола биле седумкласни. Во српската гимназија во Скопје учеле, главно, деца од градот, а и од некои други градови во Македонија, Јужна Србија и Косово и Метохија. Наставниот план на оваа гимназија многу не се разликувал од наставниот план на гимназиите во Србија. Се учеле истите предмети, со речиси ист број часови седмично, само што наместо германскиот во скопската гимназија се учел турскиот како државен јазик. Според наставниот план, во гимназијата се учеле следниве предмети: наука христијанска, српски јазик со книжевност, турски јазик, француски јазик, латински јазик, земјопис, историја, природознание, физика, хемија со основи на минералогија, математика, фил. пропедевтика, цртање, пишување, нотно пеење и свирење и гимнастика. Во постарите класови се учела и историја на турското царство.[123]

Освен српската непотполна гимназија, во првата деценија на XX век во Скопје постоеле и други странски приватни непотполни и потполни средни и стручни училишта и тоа: грчко трикласно граѓанско училиште, егзархиско трикласно училиште, српско учителско училиште, егзархиско учителско училиште, егзархиска богословија („свещеническо училище"), српско женско домаќинско-работничко училиште и егзархиско домаќинско-педагошко училиште. Турците имале непотполна трикласна гимназија (руждие), потполна седумкласна гимназија (идадие), учителско училиште и ниже воено училиште. Сите тие биле државни училишта. Но постоеле и неколку занаетчиски училишта што ги основале и за нив се грижеле одделни еснафски здруженија. Евреите имале само граѓанско училиште кое всушност било продолжително основно училиште.

Грчкото трикласно граѓанско училиште во Скопје, како и другите такви грчки училишта во некои градови и села во Македонија (Битола, Магарево, Трново, Нижеполе, Гевгелија), давало завршно ниже образование и ги подготвувало учениците за стапување во гимназија. По свршувањето на основното училиште во него го продолжувале образованието децата од побогатите влашки и македонски трговски семејства кои сакале да го научат грчкиот јазик. Знаењето на грчкиот јазик било неопходно заради водење на трговија со Солун, а претставувало и синоним за поголема образованост. Затоа големо внимание се обрнувало на изучувањето на грчкиот јазик, кој во наставниот план на училиштето бил застапен со 12 часови седмично. Во училиштето се учеле следниве предмети: веронаука, грчки јазик, француски јазик, математика, историја, географија, природознание, основи на физиката, основи на хемијата, трговски предмети, пеење, црковно пеење, пишување, цртање, гимнастика, рачна работа и писмени задачи.[124]

Егзархиското трикласно училиште исто така давало завршно ниже образование . По завршувањето на училиштето учениците полагале испит – нижи курс (мала матура) и со тоа се здобивале со право да го продолжат

[123] Д-р Влад. К. Петковић, Средње и стручне школе у ослобођеним крајевима пре ослобођења, Београд, 1913, с. 12.
[124] Истото, с. 8-10.

образованието во гимназија или во некое средно училиште (учителско, богословија, трговско). Бидејќи во Скопје не постоела егзархиска потполна гимназија, по завршувањето на трикласното училиште учениците стапувале во егзархиското учителско училиште или богословијата („свещеническото училище"). Всушност, трикласното училиште било во тесна врска со овие две средни училишта, што се гледа и од неговиот наставен план: христијанска наука, бугарски јазик со црковно-словенско читање, турски јазик, француски јазик, историја, географија со граѓански поуки, аритметика со книговодство, геометрија, физика, природознание, хемија, цртање, пишување, пеење, гимнастика, рачна работа или женска рачна работа.[125] Во учебната 1911/12 година во училиштето имало 142 ученици.[126]

Покрај богословијата во Призрен, основана 1871 година, која всушност била богословско-учителско училиште, учителски кадар за српските основни училишта во Македонија, Јужна Србија и Косово и Метохија подготвувало и српското учителско училиште во Скопје. Од 1910 година тоа имало четири класа и било уредено по углед на тогашните учителски училишта во Србија, само што наместо германскиот во него биле застапени турскиот и францускиот јазик. Се предавале *општи предмети*: наука христијанска со словенско читање, граѓански поуки, српски јазик и книжевност, турски јазик, француски јазик, историја, земјопис, математика, природознание, хемија со хемиска технологија, физика со метеорологија, хигиена со практична медицина, земјоделство, црковно пеење и свирење, цртање, пишување, гимнастика со народни игри и *стручни* предмети: психологија, логика, општа педагогија, методика со училишна практика и историја на педагогијата. Во него предавале наставници со стручна педагошко-методска подготовка, како и наставници од гимназијата. Во учебната 1911/12 година во училиштето имало 55 ученици.[127]

Наставниот план на егзархиското четирикласно учителско училиште, во кое предавале и наставници од непотполното трикласно училиште, се разликувал од наставниот план на српското учителско училиште. Во него се предавале предметите: наука христијанска, бугарски јазик, француски јазик, историја, географија, граѓански поуки, политичка економија, филозофија и педагогија, етика, математика, физика, хемија, природознание, хигиена и популарна медицина, земјоделство, цртање, пишување, нотно пеење, црковно пеење, рачна работа, гимнастика и писмени задачи. Во споредба со наставниот план на српското учителско училиште, во неговиот наставен план не биле застапени стручните предмети: психологија, логика, методика со училишна практика и историја на педагогијата. Училиштето имало и вежбална во која учениците се оспособувале за практична училишна работа. Во учебната 1911/12 година во училиштето имало 120 ученици.[128]

---

[125] Истото, с. 12-13.
[126] Истото, с. 15.
[127] Истото, с. 27-28.
[128] Истото, с. 28-29.

Егзархиската богословија („свещеническото училище") подготвувало исклучиво свештеници и затоа покрај неколку општи предмети, во неа се учеле главно богословски предмети. За учениците кои завршиле трикласно училиште, курсот во богословијата траел три години, а оние кои немале завршено трикласно училиште морале претходно да поминат низ еден подготвителен клас. Се учеле следниве предмети: Свето писмо, свештена историја, бугарски јазик, црковно-словенски јазик, словенско читање, обредославје, катихизис, општа црковна историја, отечествена црковна историја, пастирско богословие, црковен устав, аритметика, географија, хигиена, омилитика и црковно пеење.[129]

Српското домаќинско-работничко училиште имало два курса – нижи и виши. Нижиот курс траел три години и во него се примале ученички кои завршиле основно училиште. А во вишиот (стручен) курс од две години поминувале по завршувањето на нижиот курс и положениот испит од српски јазик (писмен и усмен), српска историја, земјопис на српските земји, сметање и женска работа. Во учебната 1911/12 година училиштето имало 90 ученички, 7 наставнички и директор.[130]

Егзархиското женско домаќинско-педагошко училиште имало три класа. Во него стапувале ученички по завршувањето на основното училиште. Наставниот план на ова женско стручно училиште бил мошне разновиден и во него биле застапени општи предмети, предмети кои давале знаење потребно за домашниот живот, како и оние за подготовка за учителки.[131]

Турската потполна гимназија имала седум класови и претставувала реален тип на гимназија, односно лицеј. Во првите три класа се учеле истите предмети како и во непотполната гимназија (руждие). Таа имала за задача не само да ги подготви учениците за универзитет, туку и да им даде завршно образование и оспособи за некоја нижа чиновничка служба. Затоа, покрај општообразовни предмети, во неа се учеле и некои предмети потребни за практичен и граѓански живот. Во наставниот план на гимназијата биле застапени следниве предмети: веронаука, турски јазик, арапски јазик, персиски јазик, француски јазик, историја, географија, аритметика и алгебра, геометрија, познавање на природата, физика, хемија, космографија, хигиена, книговодство, граѓански поуки, економија, законодавство, пишување и цртање.[132]

Турското учителско училиште имало два курса: нижи – тригодишен и виши – двегодишен. Нижиот курс подготвувал учители за основните училишта, а вишиот за нижите гимназии. Нижи курс постоел во Дебар, а нижи и виши во Скопје. Во наставниот план на нижиот курс биле застапени предметите: веронаука, турски јазик, арапски јазик, персиски јазик, француски јазик, аритметика, геометрија, географија, историја, книжевност, зоо-

---

[129] Истото, с. 32-34.
[130] Истото,с. 34-35.
[131] Истото, с. 35-36.
[132] Истото, с. 21-22.

логија, ботаника, физика, хемија, земјоделство, психологија, педагогија, методика, граѓански поуки и книговодство.[133]

Во непотполните и потполните гимназии и нижите и средните стручни училишта што ги отвориле странските пропаганди во Скопје работеле наставници со различна стручна подготовка и квалификации. Грчкото граѓанско училиште имало исклучиво наставници со завршено учителско училиште или више женско училиште. А во егзархиската непотполна гимназија (трикласно училиште) и учителското училиште во учебната 1911/12 година од вкупно 12 наставници 5 завршиле филозофски факултет, 1 правен факултет, 1 гимназија и 4 семестри на универзитет, 1 духовна академија и 1 курс за гимнастика во Прага. Меѓутоа, српската осумкласна гимназија имала стручно поподготвен наставнички кадар и со подобри квалификации. Од 13 наставници во оваа гимназија 10 имале факултетска подготовка и положен професорски испит. Останатите троица завршиле стручни училишта (1 музичко, 1 уметничко-занаетчиско во Будимпешта, 1 учителско во Русија).[134]

Турската непотполна и потполна гимназија, како и нижите и средните стручни училишта имале наставници со послаба стручна подготовка и пониски квалификации. Ретко кој од наставниците имал универзитетско образование. Во нив обично предавале наставници кои завршиле гимназија (идадие), виша гимназија (султание) или некое средно стручно училиште (учителско, духовно, воено). [135]

Секоја од странските пропаганди во училиштата што ги отворила во Македонија воведувала учебници на својот јазик. Српски учебници се внесувале во Македонија од Србија, но во ограничен број и илегално, зашто турската власт ја забранила нивната употреба во училиштата. Во 1889 година српскиот пратеник Стојан Новаковиќ успеал да издејствува одобрение од турската власт во Цариград да основа печатница за печатење на српски учебници и книги. Во текот на 1889 и 1890 година во оваа печатница биле отпечатени 10 учебници за српските основни училишта во Македонија и тоа: 2 буквари (српски и македонски), читанки за I, II и III одделение, граматики за I, II и III одделение, катахизис и црковна историја. Но, за дистрибуирање и употреба на овие учебници во српските основни училишта во Македонија било неопходно да имаат одобрение не само од турската цензура во Цариград, туку и од вилаетските просветни органи. Често на одобрение за нивна продажба и употреба во одделни вилаети се чекало и по една година. Според овие учебници се работело и во српските основни училишта во Скопје до балканските војни.[136]

Меѓутоа, со многу поголема недоверба турските просветни органи во вилаетите гледале на учебниците што се внесувале во Македонија од Србија

---

[133] Истото, с. 30-31.
[134] Истото, с. 40-43.
[135] Истото, с. 40.
[136] Стојан Зафировић, цит. дело. с. 101-102.

за српските средни и стручни училишта. Нивната употреба, особено за националните предмети (српски јазик и книжевност, историја, земјопис), турската цензура сосема ги забранила. Поради тоа во 1896 година наставниците во српската гимназија во Скопје биле принудени содржините од овие предмети да им ги диктираат на учениците. Подобри услови за употреба на српски учебници во српските училишта во Македонија настанале за време на Хуриетот 1908 година, по прогласувањето на уставот, кога настанала извесна демократизација и либерализација на животот во турската држава. Тогаш за потребите на српските основни и средни училишта во Македонија биле внесени од Србија значителен број учебници. Тоа го потврдува фактот што во учебната 1910/11 година ученичката библиотека на српската гимназија во Скопје располагала со 3.721 учебници.[137]

На бугарската и грчката пропаганда, пак, турската власт им дозволувала да употребуваат учебници на својот јазик во основните и средните училишта, зашто тие имале свои национални цркви и црковно-училишни општини во Македонија.

По балканските војни, на националниот дел од територијата на Македонија што го присвоила Србија, српската просветна власт го реорганизирала школството и во училиштата вовела настава на српски јазик. Поради различната организација и структура на основните, средните и стручните училишта што ги отвориле другите странски пропаганди, таа го унифицирала школството по углед на тогашниот образовно-воспитен систем во Србија. Основните, средните и стручните училишта работеле според наставните планови и програми на училиштата во Србија. Сите училишта со настава на други јазици биле укинати. Наместо нив биле отворени српски основни, средни и стручни училишта. Во Скопје покрај неколку српски основни училишта, отворени кон крајот на XIX и почетокот на XX век, продолжиле да работат српската осумкласна гимназија и четирикласното учителско училиште, а било основано и ниже трговско училиште со двегодишен курс. Затечените егзархиски учители и наставници морале да поминат низ специјален курс за да го научат српскиот јазик, да се запознаат со содржината на српските национални предмети и оспособат да ги воспитуваат децата во српски национален дух. До почетокот на Првата светска војна немало побитни промени во организацијата и структурата на школството во Скопје.

*

*    *

Во мошне сложени социјални, економски и политички услови на животот продолжила дејноста на странските пропаганди, особено бугарската и српската, за ширење на своето просветно-културно влијание и зацврстување на своите национални позиции во Скопје. Оваа нивна дејност за

[137] Истото, с. 102-104.

предоминација во неговиот духовен и просветно-културен живот дошла до израз во 80-те и 90-те години на XIX и првата деценија на XX век. Со наметнувањето на својот јазик како наставен јазик во училиштата што ги отвориле тие настојувале да го денационализираат и асимилираат македонското население во градот. Но, на тој начин тие успеале само да го забават процесот на духовната, националната и културната преродба на македонскиот народ, започнат уште во 30-те години во борбата за своја самостојна црква и училишта со настава на мајчин јазик. Зашто, иако македонското население во Скопје во еден подолг период било изложено на влијанијата и дејностите на странските пропаганди, пред сè бугарската и српската, тоа успеало да го зачува својот јазик, култура и националниот индивидуалитет. За тоа говори фактот, што во училиштата кои ги отвориле странските пропаганди во Скопје бил опфатен мал број македонски деца и што поради нивното спротиставување да учат на туѓ неразбирлив јазик, тие биле принудени наставата да ја изведуваат и на македонски јазик. За отпорот против денационализаторската и асимилаторската просветно-училишна политика на Егзархијата во Македонија во 90-те години говори и Ѓорче Петров, кој од 1888 до 1891 година бил егзархиски учител во Скопје. Во своите „Спомени" тој пишува: „... немаше владика и повиден егзархиски учител што не беше подложен на навреди и преследување од страна на населението".[138] В. К'нчов, пак, признава дека луѓето во Македонија сонувале за своја самостојна црква и држава. Исто така и српскиот пратеник во Цариград, Стојан Новаковиќ, истакнува дека кај Македонците постои стремеж да останат сами на себе и дека овој стремеж почнал да се буди „... дури меѓу платените професори на бугарските средни училишта во Македонија".[139]

Risto KANTARDŽIEV

## SCHOOL SYSTEM AND EDUCATION IN SKOPJE FROM THE END OF THE 18 TH CENTURY TO THE FIRST WORLD WAR

(Summary)

Throughout the whole 19th Century and in the first decades of the 20th, Skopje was not only an important economic, commercial, administrative and traffic center of Macedonia, but the heart of Macedonian culture and education, as well. Its cultural and educational life was on a relatively developed level in the 18th Century. In the

[138] Ѓорче Петров, Спомени, с. 19.

[139] Стојан Новаковић, Бугарске школе по Македонији, Отаџбина, св. за април 1888 г. или Балканска питања и мање историјско-политичке белешке о Балканском Поуострову 1886-1905, Београд, 1906, с. 267.

monastiries around the town, there existed a number of cell-schools in which old church Slavonic literacy and tradition flourished. At the end of the 18th and in the first half of the 19th Century, there were cellscools established in Skopje in which many children got their primary education and came in touch with the old church Slavonic literacy.

In the first half of the 19th Century Skopje was among the first Macedonian towns to start the struggle against the Constantinople Patriarchate, for its own, Slavic church and education, and denunciation of the Greek influence. In the struggle for a spiritual and national freedom of the Macedonian people, Skopje was the leading force of the Macedonian Revival.

In the middle of the 19th Century, when Skopje developed into a significant trade and commercial center of Macedonia, the first secular school in popular Macedonian was opened. The establisher of the first modern school of 1848 was the distinguished Macedonian revivalist Jordan Hadži Konstantinov-Džinot.

In The 1850's and 1860's more schools in popular Macedonian were established. By 1870, they had become key cultural centres which greatly contributed to the national awakening of the population.

After 1870, Bulgarian and Serbian propagandas were enforced. They opened their own schools in their own languages. Their purpose was to denationalise and assimilate the Macedonian population. Skopje became the center of their propagandas. By the beggining of the Balkan Wars, these foreign propagandas managed to open secondary schools apart from the existing primary schools. At this time, Skopje also had Turkish primary and secondary schools and a Jewish primary school.